РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 31.08.2026 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 3268/1 | | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), се доставува:

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен;
2. **Субјект на надзорот:** Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Трет програмски сервис (МРТ3);
3. **Период опфатен со надзорот:** 31 август 2026 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 31 август 2026 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум);
   - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година);
6. **Претходно изречена мерка:**

   *На 17.07.2026 година, за непочитување на членот 14 од Законот за медиуми, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка јавна опомена (Уп1 бр. 03-210 од 17.07.2026 година) на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Трет програмски сервис (МРТ3).*

   *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението (17.07.2026 г.), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.*

7. **Констатации од надзорот:**

   Со контролниот административен надзор врз програмскиот сервис на ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Трет програмски сервис (МРТ3), емитуван на 31 август 2026 година, на државно ниво, констатирано е дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **<u>во целост постапил по решението за изрекување мерка – јавна опомена</u>**, односно ја отстранил извршената повреда од Законот за медиуми.

8. **Опис на прекршувањето:**

## 9. Предлог мерка:/

***Сектор за програмски работи***